ОПШТИНА БИТОЛА

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Бр. 08-278/2 од 14.03.2025 год.

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање („Службен Весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 54 став 1 алинеа 15 од Статутот на Општина Битола, и донесената Програма за измена и дополнување на Програмата на финансирање и изработка на Урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2024, бр. 09-83/9 од 26.08.2024 год., Градоначалникот на Општина Битола го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт план
Детален урбанистички план за четврт запад 9, блок З.09.03, Општина Битола, плански период 2024-2029

Границите на планскиот опфат се следните:

- Североисток - осовина на улица „Димитар Илиевски-Мурато“ (Борис Кидрич)
- Југоисток - осовина на улица „Михајло Андоновски“
- Северозапад - осовина на улица „Васко Карангелевски“
- Југозапад - осовина на планирани улици и пешачки пристапи во Реонски центар

Површината на планскиот опфат изнесува 4,37 ха.

Јавната анкета за **Детален урбанистички план за четврт запад 9, блок З.09.03, Општина Битола, со технички бр.0801-01-09/24 од 02/2025**, ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот - во просториите на Општина Битола како и со објавување на планот во системот за е-урбанизам и на службената веб страна на општината. (https://www.bitola.gov.mk/)

**Јавната анкета** ќе трае од 29.03.2025 до 28.04.2025 година, секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот, можат да доставaт писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

**Јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 16.04.2024 год. (среда) во 10:00 часот, во просториите на Општина Битола (Салата на Советот на Општина Битола).

Градоначалник:

Тони Коњановски